# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>22.05.2013 год.<br>БРОЈ 8 ГОДИНА 48 |
|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за организирање на режимот на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид. | 6 |
| 2. | Одлука за усвојување на Годишната програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2013 год. | 11 |
| 3. | Изјава за исполнување на услови по Договор за заем по проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ | 21 |
| 4. | Одлука за пренесување правото на сопственост на новопроизведен нископоден двокатен автобус од отворен тип од општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид. | 22 |
| 5. | Одлука за разрешување членови од Управниот одбор на МЈП „Проаква“ Струга. | 24 |
| 6. | Одлука за именување членови во Управниот одбор на МЈП „Проаква“ Струга. | 25 |
| 7. | Одлука за разрешување членови од Надзорниот одбор на МЈП „Проаква“ Струга. | 26 |
| 8. | Одлука за именување членови во Надзорниот одбор на МЈП „Проаква“ Струга. | 27 |
| 9. | Одлука за разрешување членови од Управниот одбор на ЈП „ Нискоградба Охрид“ Охрид. | 28 |

| | | |
|---|---|---|
| **10.** | Одлука за именување членови во Управниот одбор на ЈП „ Нискоградба Охрид “ Охрид. | **29** |
| **11.** | Одлука за разрешување членови од Надзорниот одбор на ЈП „ Нискоградба Охрид “ Охрид. | **30** |
| **12.** | Одлука за именување членови во Надзорниот одбор на ЈП „ Нискоградба Охрид“ Охрид. | **31** |
| **13.** | Одлука за разрешување членови од Управниот одбор на ЈП „ Градски Гробишта “ Охрид. | **32** |
| **14.** | Одлука за именување членови во Управниот одбор на ЈП „ Градски гробишта “ Охрид. | **33** |
| **15.** | Одлука за разрешување членови од Надзорниот одбор на ЈП „ Градски гробишта “ Охрид. | **34** |
| **16.** | Одлука за именување членови во Надзорниот одбор на ЈП „ Градски гробишта“ Охрид. | **35** |
| **17.** | Одлука за разрешување членови од Управниот одбор на ЈП „ Погребни услуги “ Охрид. | **36** |
| **18.** | Одлука за именување членови во Управниот одбор на ЈП „ Погребни услуги “ Охрид. | **37** |
| **19.** | Одлука за разрешување членови од Надзорниот одбор на ЈП „ Погребни услуги“ Охрид. | **39** |
| **20.** | Одлука за именување членови во Надзорниот одбор на ЈП „ Погребни услуги “ Охрид. | **40** |
| **21.** | Одлука за разрешување членови од Управниот одбор на ЈП Градски Пазар Охрид. | **41** |
| **22.** | Одлука за именување членови во Управниот одбор на ЈП Градски пазар Охрид. | **42** |
| **23.** | Одлука за разрешување членови од Надзорниот одбор на ЈП Градски пазар Охрид. | **43** |
| **24.** | Одлука за именување членови во Надзорниот одбор на ЈП Градски пазар Охрид. | **44** |
| **25.** | Одлука за разрешување членови од Управниот одбор на ЈП „ Билјанини Извори “ Охрид. | **45** |
| **26.** | Одлука за именување членови во Управниот одбор на ЈП | **46** |

„ Билјанини Извори “ Охрид.

| | | |
|---|---|---|
| **27.** | Одлука за разрешување членови од Надзорниот одбор на ЈП „ Билјанини Извори“ Охрид. | **47** |
| **28.** | Одлука за именување членови во Надзорниот одбор на ЈП „ Билјанини Извори “ Охрид. | **48** |
| **29.** | Одлука за разрешување членови од Управниот одбор на ЈП „ Охридски Комуналец “ Охрид. | **40** |
| **30.** | Одлука за именување членови во Управниот одбор на ЈП „ Охридски Комуналец “ Охрид. | **50** |
| **31.** | Одлука за разрешување членови од Надзорниот одбор на ЈП „ Охридски Комуналец“ Охрид. | **51** |
| **32.** | Одлука за именување членови во Надзорниот одбор на ЈП „ Охридски Комуналец “ Охрид. | **52** |
| **33.** | Одлука за разрешување членови од Управниот одбор на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ Охрид | **53** |
| **34.** | Одлука за именување членови во Управниот одбор на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ Охрид | **54** |
| **35.** | Одлука за разрешување членови од Надзорниот одбор на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ Охрид | **55** |
| **36.** | Одлука за именување членови во Надзорниот одбор на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ Охрид | **56** |
| **37.** | Одлука за разрешување членови од Училишниот одбор на ОМУ „Методи Патчев“ Охрид | **57** |
| **38.** | Одлука за именување членови во Училишниот одбор на ОМУ „Методи Патчев“ Охрид | **58** |
| **39.** | Одлука за разрешување членови од Училишниот одбор на ОУ „ Ванчо Николески“ с.Лескоец | **59** |
| **40.** | Одлука за именување членови во Училишниот одбор на ОУ „ Ванчо Николески“ с.Лескоец | **60** |
| **41.** | Одлука за разрешување членови од Училишниот одбор на ОУ „ Живко Чинго“ с.Велгошти | **61** |
| **42.** | Одлука за именување членови во Училишниот одбор на ОУ „ Живко Чинго“ с.Велгошти | **62** |

| | | |
|---|---|---|
| **43.** | Одлука за разрешување членови од Училишниот одбор на ОУ „Глигор Прличев“ Охрид | **63** |
| **44.** | Одлука за именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Глигор Прличев“ Охрид | **64** |
| **45.** | Одлука за разрешување членови од Училишниот одбор на ОУ „Братство Единство“ Охрид | **65** |
| **46.** | Одлука за именување членови во Училишниот одбор на ОУ „ Братство Единство“ Охрид | **66** |
| **47.** | Одлука за разрешување членови од Училишниот одбор на ОУ „Кочо Рацин“ Охрид | **67** |
| **48.** | Одлука за именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Кочо Рацин“ Охрид | **68** |
| **49.** | Одлука за разрешување членови од Училишниот одбор на ОУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани | **69** |
| **50.** | Одлука за именување членови во Училишниот одбор на ОУ „ Св.Наум Охридски“ с.Пештани | **70** |
| **51.** | Одлука за разрешување членови од Училишниот одбор на ОУ „Св. Климент Охридски“ Охрид | **71** |
| **52.** | Одлука за именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Св.Климент Охридски“ Охрид | **72** |
| **53.** | Одлука за разрешување членови од Училишниот одбор на ОУ „Христо Узунов“ Охрид | **73** |
| **54.** | Одлука за именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Христо Узунов“ Охрид | **74** |
| **55.** | Одлука за разрешување членови од Училишниот одбор на ОУТУ „Ванчо Питошески“ Охрид | **75** |
| **56.** | Одлука за именување членови во Училишниот одбор на ОУТУ „Ванчо Питошески“ Охрид | **76** |
| **57.** | Одлука за разрешување членови од Училишниот одбор на ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“ Охрид | **77** |
| **58.** | Одлука за именување членови во Училишниот одбор на ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“ Охрид | **78** |
| **59.** | Одлука за разрешување членови од Училишниот одбор на ОСУ „Св.Климент Охридски“ Охрид | **79** |

| | | |
|---|---|---|
| **60.** | Одлука за именување членови во Училишниот одбор на ОСУ „Св.Климент Охридски“ Охрид | **80** |
| **61.** | Одлука за разрешување членови од Управниот одбор на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ Охрид | **81** |
| **62.** | Одлука за именување членови во Управниот одбор на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ Охрид | **82** |
| **63.** | Одлука за разрешување член од Управниот одбор ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи Охрид. | **83** |
| **64.** | Одлука за именување член во Управниот одбор ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи Охрид. | **84** |
| **65.** | Одлука за разрешување член од Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Охрид | **85** |
| **66.** | Одлука за именување член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Охрид | **87** |
| **67.** | Исправка | **88** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ НА ДЕЛ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за организирање на режимот на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 17.05.2013 година.

**Број 08 -2100/3** — **ОПШТИНА ОХРИД**
**17.05.2013 год.** — **Градоначалник,**
**О х р и д** — **Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 6 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата („Сл.весник на РМ“ број 54/2007),член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на Општина Охрид“ бр.08/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 17.05.2013 год., ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ НА ДЕЛ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира режимот на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид.

**Член 2**

**Улици затворени за моторен сообраќај се определуваат:**

- улицата „Кеј Маршал Тито“ од пресекот со кружниот тек на сообраќај до пресекот со крак на ул.„Кеј Маршал Тито“до ресторанот “Лас Америкас“..
- улицата „Ванчо Николески“ од пресекот со ул.„Партизанска“ до ул.„Кеј Маршал Тито“ .
- пешачката патека од „Центарот за обука на вода “ до Горица се забранета за секаков вид на моторен сообраќај, а покрај пешачката патека од левата страна ќе се врши дотур на роба а патеките меѓу себе ќе се физички одвоени.

**Член 3**

**За еднонасочни улици се определуваат:**

- улицата “Гоце Делчев“ од пресекот на оваа улица со улицата “Абас Емин“ во насока према Струга па се до пресекот со улицата “Стив Наумов“,
- улицата “Стив Наумов“ од пресекот на оваа улица со улицата “Гоце Делчев“ во насока према улица “Пере Тошев“ до пресекот со улица “Пере Тошев“,
- улица “Булевар Македонски Просветители“ и тоа од пресекот на улица со “Димитар Влахов“ во насока према езеро до пресекот со улицата “Партизанска“,
- улицата „Д.Влахов“ од пресекот на оваа улица со ул.„Ј.Сандански“ во насока према улицата „Булевар Македонски Просветители“ до пресекот со ул.„Булевар Македонски Просветители“,
- улицата „Партизанска“ од пресекот на оваа улица со ул.„Бул. Македонски Просветители“ во насока према ул.„Јане Сандански“ до пресекот со ул.„Јане Сандански“,
- улицата „Даме Груев“ од пресекот на оваа улица со ул„Булевар Македонски Просветители“ во насока према ул.„Бул.Туристичка“ до пресекот со ул.„Бул.Туристичка“,
- улицата „Ванчо Николески“ од пресекот со ул.„Партизанска“ во насока према ул.„Д.Влахов“ се до пресекот со ул.„Д.Влахов“,
- улицата „Кузман Јосифоски-Питу“ од пресекот со ул.„Д.Влахов“ во насока према ул.„Партизанска“ до пресекот со ул.„Партизанска“,
- улицата „Цар Самоил“ од пресекот со ул„Коста Абраш“ до ресторанот Св.Софија во насока према црквата Св.Софија. . Оваа улица се прогласува за “подрачје на смирен сообраќај“ каде движењето на целиот сообраќај се ограничува на брзина на движење на пешаците.
- улицата „Коста Абраш“ од пресекот со ул.„Цар Самоил“ во насока према кружен тек на сообраќај па се до хотелот „Александрија“,. Оваа улица се прогласува за “подрачје на смирен сообраќај“ каде движењето на целиот сообраќај се ограничува на брзина на движење на пешаците.
- дел од ул.„Ново Проектираната 1’’ и тоа од пресекот на оваа улица со улицата „ Партизанска“ па се до пресекот со улицата „Димитар Влахов “ што поминува покрај самата стара автобуска станица и тоа во насока према улица „ Димитар Влахов“.
- Дел од улицата “Кеј Маршал Тито“ од пресекот на оваа улица со улицата “Јане Сандански“ па се до пресекот на оваа улица со улицата “Асном“ гледано во насока према улица “Асном“,
- улицата „Спас Банџов“ од пресекот со ул.„Кеј Маршал Тито“ во насока према ул.„Партизанска“ до пресекот со ул.„Партизанска“,
- улицата „8 Септември“ од пресекот со ул.„Сирма Војвода“ во насока према ул.„Никола Карев“ до пресекот со ул.„Никола Карев“,
- улицата „Лазо Трпоски“ од пресекот со ул.„Галичица“ во насока према ул.„Сирма Војвода“ до пресекот со ул.„Сирма Војвода“,
- улицата „Ванчо Питошески“ од пресекот со ул.„Лазо Трпоски“ во насока према ул.„Јане Сандански“ до пресекот со ул.„Јане Сандански“,
- улицата „Мирче Ацев“ од пресекот со ул.„Јане Сандански“ во насока према ул.„Лазо Трпоски“ до пресекот со ул.„Лазо Трпоски“,

**Член 4**

На ул.„К.Јосифоски-Питу“ и тоа во делот каде што ќе се одвива еднонасочен сообраќај паркирањето ќе е под аголот од 60 степени и тоа од десната страна гледано во насока на движење.

На дел од ул.„Гоце Делчев“ и тоа во делот каде што ќе се одвива еднонасочен сообраќај паркирањето ќе се врши надолжно од левата страна од пресекот со ул.„Андон Дуков“ па се до пресекот со ул.„Стив Наумов“ гледано во насока према ул.„Стив Наумов“.

На дел од ул.„Партизанска“ и тоа од пресекот на оваа улица со ул.„Ј.Сандански“ па се до пресекот со ул.„АСНОМ“ паркирањето ќе се врши надолжно само од десната страна гледано во насока према ул.„АСНОМ“ .

На дел од ул.„АСНОМ“ и тоа од пресекот со ул.„Бул.Туристичка“ па се до пресекот со ул.„К.М.Тито“ паркирањето ќе се врши надолжно само од десната страна гледано во насока према ул.„К.М.Тито“.

На улиците „Кирил и Методи“, „Пирин Планина“, „Серафим Китаноски“, „Илинденска“, „Коста Абраш“ , ул. „Св. Климент Охридски“ (кружен тек), „Цар Самоил“, “Кузман Капидан“ „Кочо Рацин“ и просторот околу црквата Св.Сафија, се забранува паркирање на МВ од двете страни по целата должина на улиците.

**Член 5**

**Како паркинг простори каде паркирањето ќе се врши со наплата се определуваат:**

- Дел од ул.„К.Јосифоски - Питу“ и тоа од пресекот со ул.„Партизанска“ па се до пресекот со ул.„К.М.Тито“ како и паркинг просторот во државна сопственост што се наоѓа позади НУ Центар за култура „Григор Прличев“- Охрид / затворен паркинг простор со влезен терминал (рампа) која ќе се наоѓа на самиот влез од паркингот.
- Дел од ул.„Булевар Туристичка“ и тоа од десната страна кај Градскиот пазар гледано во насока према Струга, како и делот од пресекот на оваа улица со ул.„Бул.Македонски Просветители“ па се до пресекот со ул.„Даме Груев“ од двете страни на улицата. На дел од “Булевар Туристичка“ и тоа од пресекот со улица “Абас Емин“ па се до деловниот објект “Гумно“ крајната десна сообраќајна лента од “Булевар Туристичка ќе се користи како такси станица.
- Дел од ул.„Бул.М.Просветители“ од пресекот со ул.„Бул.Туристичка“ до пресекот со ул.„К.М.Тито“ од левата страна гледано во насока према ул.„К.М.Тито’’.
- Улицата „Д.Влахов“ по целата должина од левата страна ( надолжно паркирање)
- Улицата „Партизанска“ од почетокот па до пресекот со улица “Ванчо Николески“.
- Дел од ул.„К.Ј.-Питу“ од пресекот со ул.„Д.Влахов“ до пресекот со ул.„Партизанска“.
- Улица „Ванчо Николески“ од пресекот со ул.„Партизанска’’ до пресекот со ул.„Димитар Влахов“ од левата страна гледано во насока према ул.„Димитар Влахов“.
- Дел од ул.„К.М.Тито“ од пресекот со ул.„Јане Сандански“ до ресторанот “Лас Америкас“. Паркирањето на овој простор ќе се врши од левата страна додека крајната десна сообраќајна лента ќе се користи како пристапен пат за самиот паркинг простор и двете споредни улица на овој дел.
- Дел од ул.„К.М.Тито“ од пресекот со ул.„Ј.Сандански“ до пресекот со ул.„АСНОМ“ од десната страна.
- Дел од ул.„К.М.Тито“ од пресекот со ул.„АСНОМ“ до пешачкиот мост кај Каналот Студенчишта / затворен паркинг простор со рампа.
- Паркинг просторот покрај старата стоковна куќа Чинар од пресекот со ул.„Бул.Мак.Просветители“ до Плоштад „Чинар“ / затворен паркинг простор со рампа.

- Паркинг просторот позади Градски пазар со влез и излез од ул.„Абас Емнин" / затворен простор со рампа.
- Паркинг просторот на ул.„ Ново Проектираната 1" кај старата автобуска станица и тоа од десната страна гледано во насока према улица "Партизанска".

**Член 6**

**Како времени паркинг места каде паркирањето ќе се врши без наплата се определуваат следните локации:**

Дел од Полигонот за мали спортови.
- Паркинг просторот пред Горна Порта од десната страна
- Паркинг простор кај спортското игралиште во Економското училиште
- Паркинг просторот на левата страна од улицата "Јане Сандански" наспроти Комерцијална банка.
- Паркинг просторот позади Економското училиште со влез и излез од "Булевар Туристичка". Овој паркинг простор со пешачка патека ќе е поврзан со улицата "Димитар Влахов".

**Член 7**

На Плоштадот „Св.Климент Охридски" (кружен тек), на ул.„Цар Самоил'' , ул.„Коста Абраш" и ул.,Илинденска" се забранува секаков вид на моторен сообраќај освен за жителите на Стар Град во временски интервал од 05 часот до 20 часот., при што целиот овој простор ќе се користи како пешачка зона поврзана со чаршијата и улицата "Кеј Маршал Тито", во периодот од 15.06.2013 год. до 31.08. 2013 год.

Во периодот од 20 часот до 05 часот на крајот од ул.„Македонски Просветители " (кружен тек -плоштад) ќе се поставаат подвижни ступчиња за безбедно да се одвива пешачкиот сообраќај, а на раскрсницата на ул.„Македонски Просветители" со улица „Партизанска" ќе има физичко присуство за регулирање на сообраќајот, во периодот од 15.06.2013 год. до 31.08. 2013 год.

Снабдувањето на објектите во Стар Град да се врши во времето од 05.00 часот до 10.00 часот во кое време заради снабдување на објектите ќе можат да се движат товарни моторни возила чија што вкупна тежина не надминува 5 тони. На наведениот простор, со исклучок, да се движат специјални комунални возила, возила на МВР, АРМ, санитетски возила, погребни возила, такси возила и ППЗ возила.

Улиците „Св.Климент Охридски" (кружен тек), „Коста Абраш", „Цар Самоил" и „Илинденска" секој ден во период од 05.00 часот до 20.00 часот, се прогласуваат „Зони на смирен сообраќај" при што брзината на движење се ограничува на брзина на движење на пешаци.

Улицата „Св.Кл.имент Охридски„ / Чаршијата, / Плоштадот „Крушевска Република"/ Чинар,/ ул.„Г.Делчев"/ Стара Чаршија/ се забрануваат за сообраќај преку целата година.

**Член 8**

Во стариот дел од градот паркирање и движењето на возила е дозволено само за жителите на Стар Град кои ќе добијат специјални налепници за паркирање и движење на возила .

Специјалните налепници за паркирање ќе се издаваат во Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици при Општина Охрид само на жителите од Стар Град кои поседуваат важечка лична карта и сопствено МВ со важечка сообраќајна дозвола регистрирано на адреса од улица која

се наоѓа во овој дел од градот и истите ќе се заведуваат во регистар за издадени налепници за паркирање.

Специјалните пропусници и налепници ќе се издаваат на лица кои согласно важечката лична карта не се жители на овој дел од градот или воопшто на град Охрид, но во своја сопственост поседуваат куќа во тој дел на градот, по претходно нивно барање. Во барањето да приложат доказ за сопственост на недвижен имот во тој дел на градот како и доказ дека во склоп на нивната катастарска парцела го има решено просторот за паркирање. На овие лица ќе им се издава толкав број на пропусници за колку го имаат решено просторот за паркирање.

**Член 9**

На улиците „Димитар Влахов“ од насока од ул.„Јане Сандански“, ул.„Бул.Мак.Просветители„ од пресекот со ул.„Туристичка“ и ул.„Гоце Делчев“ од пресекот со ул.„Абас Емин“ до пресекот со ул.„Стив Наумов“ од десната страна се формираат велосипедски патеки за движење на велосипедисти.

**Член 10**

Автобускиот сообраќај кој се одвива по ул.„Г.Делчев“ кон центарот на градот се пренасочува по ул.„Бистрица“ кон ул.„Бул. Туристичка“. Автобусите кои сообраќаат во насока према Струга да се движат по ул.„Бул.Туристичка“, надвозник и Магистралниот патен правец (М5), а кај с.Подмоље да се приклучуваат на стариот пат за Струга односно Регионалниот патен правец (Р420). По дел од ул.„Абас Емин“ и целата должина на ул.„Гоце Делчев“ да сообраќаат само комби возила.

**Член 11**

Сите товарни моторни возила кои се движат по стариот пат од насока на Струга на влезот во Охрид да се пренасочат по обиколниот пат „Распаќе“ и се приклучат на ул.„Булевар Туристичка“.

**Член 12**

На улицата „Крум Точко“ ќе се одвива двонасочен сообраќај со предност на минување на возилата од спротивен правец од Дрвара према Горна Порта.

**Член 13**

На останатите улици и деловите од улиците сообраќајот ќе се одвива по постојниот режим (двонасочен сообраќај).

**Член 14**

Надлежните служби на Локалната самоуправа да извршат усогласување на хоризонталната и вертикалната сигнализација согласно предложениот режим на сообраќај и графичкиот приказ кој е составен дел на оваа одлука.

**Член 15**

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организирање на режимот на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид број 07-2189/22од 31.05.2012 година и Одлуката за измени и дополнувањана Одлуката за организирање на режимот на сообраќај во општина Охрид бр . 07-4129/38 од 26.10.2012 год.

**Член 16**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2100/3**
**17.05.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Годишната програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2013 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 17.05.2013 година.

**Број 08 -2100/4**
**17.05.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 6 од Статутот на општина Охрид „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 17.05.2013 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОД.

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишната програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2013 год.

**Член 2**

Просторот за поставување на урбана опрема за продажба(точка 4.1 од Годишната програма), површината за поставување урбана опрема во функција на туристички, спортски и културни настани(точка 4.2 од Годишната програма), просторот наменет за површини за покриени и непокриени шанкови(точка 4.5 од Годишната програма) и микролокациите за поставување на рекламни паноа(точка 4.9 од Годишната програма) ќе се издаваат по пат на јавен оглас со јавно наддавање.

**Член 3**

- За поставување на урбана опрема за продажба на сувенири на унифицирани тезги со димензии 2.00 м x 1.00 м и 1.60 м x 1.00, почетната цена изнесува 3000,оо денари месечно;
- За издавање на простор за поставување на фрижидери за продажба на сладолед, почетната цена изнесува 5000,оо денари месечно по локација а на една локација можат да се постават 2(два) стандардни фрижидери;
- За издавање на простор за продажба на уметнички слики, почетната цена изнесува 8000,оо денари месечно;
- За издавање на простор за продажба на народни ракотворби, почетната цена изнесува 3000,оо денари месечно;
- За издавање на простор за продажба на книги на типска опрема, почетната цена изнесува 8000,оо денари месечно;
-За користење на површини за поставување на детски игралишта(забава на отворено) почетната цена изнесува 250,оо денари по м2 месечно;

- За користење на површини за организирање забава во затворен простор, почетната цена изнесува 20,оо денари м2 дневно;
- За користење на површини за поставување на унифицирана урбана опрема за презентација, почетната цена изнесува 2000,оо денари по м2 дневно;
- За користење на површини за поставување на покриени и непокриени шанкови, почетната цена изнесува 10 000,оо денари по м2 месечно и
- За користење на простор за разни презентации, цената изнесува 200,оо денари по м2 дневно.

Во почетната цена не е опфатена комуналната такса.

**Член 4**

Користењето на просторот за поставување на урбана опрема од член 3, став 1, алинеа 1, 2, 3, 4 и 6 го опфаќа периодот од 15 јуни до 15 септември.

Користењето на просторот за поставување на покриени и непокриени шанкови опфаќа период од шест месеци.

Договорите за користење на простор за поставување на маси и столови пред угостителски објекти ќе се склучуваат на период не помал од 6 месеци.

**Член 5**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за продолжување на важноста на Програмата за поставување на урбана опрема во општина Охрид бр. 07-5664/30 од 28.12.2012 год.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Охрид.

**Број 07 – 2100/4**
**17.05.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД 2013 ГОД.

## СОДРЖИНА

**ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**
1.ВОВЕД
2.ПРИЧИНИ И ЦЕЛИ ЗА ИЗРАБОТКАТА НА ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА
3.ВИД НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ПОДРАЧЈЕ
4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА
4.1. Урбана опрема за продажба
4.1.1. Сувенири
4.1.2. Сладолед
4.1.3. Уметнички слики
4.1.4. Народни ракотворби .
4.1.5. Книги
4.2. Урбана опрема во функција на туристички, културни и спортски настани
4.2.1.Детски игралишта (забава на отворено)
4.2.2.Забава во затворен (наткриен) простор
4.2.3. Забава на отворен - затворен простор - "балони"
4.2.4. Презентација
4.3. Тераси со и без настрешници
4.3.1.Маси и столови
4.4. Платформи за разни манифестации на копно и на водна површина
4.5. Покриени и непокриени шанкови
4.6. Настрешници и тенди
4.7. Телефонски говорници и друго
4.8. Јавни санитарни јазли
4.9. Самостоечки рекламни паноа (билборди и видеобимови)
4.10.Туристички инфо центри
4.11. Културни инфо центри
4.12.Тоуцх сцреен апарати
4.13. Површини за подвижна урбана опрема
5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО
6. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

**ИИ. ГРАФИЧКИ ДЕЛ**
1. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМ ..1:2500
2. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 1).1:1000
3. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 2)............1:1000
4. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 3)............1:1000
5. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 4)............1:1000
6. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 5)............1:1000
7. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 6)............1:1000
8. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 7)............1:1000
9. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 8)............1:1000
10. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 9)..........1:1000
11.ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 10)1:1000
12. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 11)........1:1000
13. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 12)........1:1000
14. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 13)........1:1000
15.ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 14)......1:1000
16. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 15)........1:1000
17. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 16)........1:1000
18. ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 17)........1:1000
19.ШЕМА НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 18)........1:1000

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ НАГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО И УРЕДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ГРАДСКОТОПОДРАЧЈЕ НА ОХРИД И ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**1.ВОВЕД**

Изработката, донесување и спроведување на планска документација за Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид езаконска обврска на Локалната самоуправа. Документацијата е изработена по барање и за потребите на ЕЛС Охрид.Годишната програма за поставување на урбана опрема е изработена во согласност со Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр. 130/09,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12 и 144/12) и Законот за изменување и дополнување на Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр.25/13**)**, поточно член 80, 80-а и член 81 од наслов В Одобрение за градба,поднаслов 11, Времени објекти и урбана опрема, односно член 2, точка 4 од наслов и Општи одредби. Урбаната опрема се планира да се постави на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште, без притоа да се нарушИ основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот, односно треба да се уреди на земјиште сопственост на Република Македонија, со изградена инфраструктура и за која е донесена урбанистичка планска документација во градското подрачје на Охрид, како и надвор од градот во подрачјето на Општина Охрид.
Исто така, Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид треба да биде изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/2009, 124/10, 18//11, 53/11, 144/12 и 55/13)**,** Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ 20/04, 115/07, 18/11, 148/11 и 23/13), како и Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Службен весник на РМ бр.47/11). Тоа е потребно бидејки делови од просторот кој треба да се уреди припаѓаат на **Старото градско јадро на Охрид** кое претставува **споменичка целина**, како и на контактната зона на Старото градско јадро на Охрид.
Годишната програма за поставување на урбаната опрема во Општина Охрид
ја утврдува Советот на Општина Охрид, по претходно добиено Позитивно Мислење од страна на Националната установа - Завод за заштита наспомениците на културата и Музеј - Охрид.Позитивното мислење е потребно, иако Годишната програма запоставување на урбана опрема во Општина Охрид не е Детален урбанистички план од член 6 на Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Службен весник на РМ бр.47/11), бидејки е планска документација која го уредува просторот за чија заштита, уредување, ревитализација и рационално користење е надлежна Националната установа - Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Охрид, која управува со Старото градско јадро на Охрид во името на Република Македонија.Во името на локалната заедница управува Општина Охрид (член 10 од Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Службен весник на РМ бр.47/11).
Изработената планска документација понатака треба да претставуваоснова за изработка на техничка документација со која Годишната програмаза поставување на урбана опрема во Општина Охрид ќе се спроведува.

**2. ПРИЧИНИ И ЦЕЛИ ЗА ИЗРАБОТКАТА НА ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**Основна причина** за изработката на Годишната програма за поставување на урбаната опрема во Општина Охрид е законската обврска за нејзина изработка, донесување и спроведување.
**Целта** на изработката на Годишната програма за поставување на урбана опрема е плански да се уреди подрачјето на Општината, односно да се означат површините каде може да се постави опремата ( јавните површини на градежно изградено и уредено земјиште, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот, сопственост на Република Македонија, каде има изградена инфраструктура и за која е донесена урбанистичка планска документација ).

## 3. ВИД НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ПОДРАЧЈЕ

ГОДИШНАТА ПРОГРАМА за поставување на урбана опрема во градското подрачје на Охрид, како и надвор од градот во подрачјето на Општина Охрид е планска документација која се изработува за потребите на ЕЛС –Охрид.

## 4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА

Програмата проследена со текстуален дел и графички прилози се однесува на одредување на површини во Охрид во најатрактивното подрачје кое енајпосетено од туристите, како и надвор од градот за поставување наУрбана опрема, према член 2, точка 4 од Општите одредби на Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12 и 144/12) и Законот за изменување и дополнување на Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр.25/13**).** Урбана опрема дефинирана со овој член се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско конзуларни претставништва, на објекти на државната управа и на резиденцијални објекти, опрема во функција на туристички, културни И спортски настани, јавни санитарни јазли, тераси со и без настрешници,платформи за разни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, рекламни и информативни паноа, детски игралишта,настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци. За поставувањето на урбана опрема - рекламни и информативни паноа,како и рекламни и информативни паноа кои се поставуваат на објекти согласно член 74 од Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12 и 144/12) и Законот за изменување и дополнување на Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр.25/13), Советот на општината, Советите на општините на градот Скопје и Советот на градот Скопје донесуваат програма со која се утврдува бројот и големината на паноата, како и локациите и објектите на кои можат да се постават истите, согласно член 80-а. Поради специфичноста на самиот град Охрид, како туристички центар се предвидуваат, односно потврдуваат површини за поставување на урбана опрема, која во изминатите години е поставувана на одредени локалитети,бидејки е согледано дека е потребна за забава, уживање и рекреација на жителите и посетителите. Тоа се површините наменети за забава на отворено, забава во затворен простор, забава во отворен - затворен простор ( за разни спортски активности), наткривање на постојни и нови (спортски ) кошаркарски, ракометни и сл. игралишта и простори во зимски период со импрегнирано платно ("балони"- прицврстени за теренот),поставување на туристички инфо центри, културни инфо центри и тоуцх сцреен уреди (со цел на посетителите на град Охрид да им се обезбеди полесен пристап до информации за целокупна туристичка и културна понуда), површини определени за поставување на превозни средства кои не ја загадуваат околината за рекреација и разгледување на градот (точак на четири тркала, подвижен паб и сл.), типска опрема за продажба на книги,уметнички дејности (слики), поставување на унифицирана урбана опрема за време и пред одредени празници, како и во период на одржување на разни презентации, настани или манифестации и сл. Дополнителна урбана опрема, за поставување на типска опрема за продажба, односно презентација или манифестација, надвор од наведеното, по барање на правни и физички лица, како и за потребите на Јавното комунално претпријатие или Локалната

самоуправа од Охрид можно е со дополнителен предлог, кој би се донел со одлука на Советот на ОпштинаОхрид на некоја наредна Седница.
**4.1. Урбана опрема за продажба**
**4.1.1. Сувенири**
Во графичкиот прилог бр.1 Шема на површини за поставување на урбана опрема планирана е унифицирана урбана опрема за продажба на сувенири (означени 64 тезги со димензии 2.00 м х 1.00 м, односно 1.60 м х 0.80 м графички прилози бр. 2, бр. 3, бр. 4, бр. 7, бр. 9, бр. 17, бр. 18, односно бр, 19
- Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 1), (Дел 2), (Дел3), (Дел 6), (Дел 8), (Дел 16), (Дел 17) односно (Дел 18).
Исто така се планирани и дополнителни површини:
-Површина по поплочената патека помеѓу влезот во **"Самоиловата тврдина"** и комплексот **"Плаошник"** е планирана за изработка и продажба на сувенири, графички прилог бр.17 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 16).
-Површина пред угостителскиот комплекс "**Летница"** по пешачката улица Свети Климент Охридски, графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3).
-На левата страна на пешачката улица која оди кон Горица од парцелата за "Обука на вода", графички прилог бр. 15 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 14).
**4.1.2. Сладолед**
-По должина на кејот планирано е поставување фрижидери, групирани по два на приближно растојание од 50 м (според шемата).
-На плоштадот "Свети Климент Охридски", графички прилог бр. 3 -Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2).
-На плоштадот "Крушевска Република", графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3), како и во графички прилог бр. 5 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 4); На левата страна на пешачката улица која оди кон Горица одпарцелата за "Обука на вода", графички прилог бр. 15 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 14).
**4.1.3. Уметнички слики**
-Површината меѓу трговскиот центар "**Амам"** и угостителскиот комплекс "**Летница"** по пешачката улица "Свети Климент Охридски" планирана е за изработка и продажба на уметнички слики и изработка на портрети, графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3).
**4.1.4. Народни ракотворби**
-Површината западно од дворното место на "Куќата на Уранија", пред куќата на "Христо Узунов"- Сараиште предвидена за презентација И продажба на народни ракотворби и слично, графички прилог бр. 3 -Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2).
**4.1.5. Книги**
-Површината меѓу трговскиот центар "**Амам"** и угостителскиот комплекс "**Летница"** по тротоарот на улица Македонски просветители планирана е за поставување на типска опрема за продажба на книги, графички прилог бр. 4 - Шема на површини запоставување на урбана опрема (Дел 3).
**4.2. Урбана опрема во функција на туристички, културни и спортски настани**
**4.2.1. Детски игралишта (забава на отворено)**
-Површини за поставување на реквизити за детски игралишта, картинг и сл. се планирани на повеќе локации на Спортскиот центар "Билјанини извори", графички прилог бр. 12 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 11), графички прилог бр. 14 -Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 13) и на дел од улица "1-ви Мај" која е забранета за сообраќај.
**4.2.2. Забава во затворен (наткриен ) простор**

-Површина за поставување на опрема за одржување на циркуски вештини, е планирана на спортскиот центар "Билјанини извори", графички прилог бр. 14 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 13).

**4.2.3. Забава на отворен - затворен простор - "балони"**

Поставување на "балони" од импрегнирано платно (прицврстени за теренот), односно наткривање на постојните и новопредвидени отворени спортски и рекреативни терени - кошаркарски, ракометни и сл. игралишта, простори, во зимски период, заради заштита од надворешни влијанија.

**4.2.4. Презентација**

Поставување на унифицирана урбана опрема за време и пред одредени празници, туристички, културни и спортски настани како и во период на одржување на разни манифестации и презентации,

-Просторот непосредно до брегот на Охридското Езеро, пред зидините "Охридска крепост Долна Порта, јужен дел"- комплекс Табана е исто така планиран за одржување на вакви настани, графички прилог бр. 3 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2);

**4.3.Тераси со и без настрешници**

**4.3.1.Маси и столови**

Површини на кои се поставуваат маси и столови пред угостителски објекти и простори**;**

-тераса димензионирана со ширина од **1 м** е планирана за поставување на **еден ред маси со по два столови**;

-тераса димензионирана со ширина до **2 м** е планирана за поставување на **еден ред маси со по четири столови**;

-тераса димензионирана со ширина до **4 м** е планирана за поставување на **два реда маси со по четири столови**;

тераса димензионирана со ширина до **6 м** е планирана за поставување на **три реда маси со по четири столови**;

-тераса димензионирана со ширина до **8 м** е планирана за поставување на **четири реда маси со по четири столови;**

**4.4. Платформи за разни манифестации, презентации на копно и на водна површина**

-Резервиран простор за оваа намена е на плоштадот "Крушевска Република", на површина од околу 1500 м2, графички прилог бр. 5 -Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 4);

-површина од околу 500 м2 за разни манифестации во водната површина;

**4.5. Покриени и непокриени шанкови**

Површини за покриени и непокриени шанкови можат да се постават по барање на инвеститори во Централното градско подрачје и кејот.

-Покрај постојните поставени шанкови, покриен шанк се предвидува И на левата страна на пешачката улица која оди кон Горица од парцелата за "Обука на вода", графички прилог бр. 15 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 14);

**4.6. Настрешници и тенди**

